| Примено: Pranuar: | | 13.11.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4245/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип;
3. **Период опфатен со надзорот:** 2 ноември 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 ноември 2026 година;
5. **Предмет на надзорот**:
   - **Член 53 ставови 2 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации и недозволени комерцијални комуникации за алкохол и за алкохолни пијалоци*);
6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 23.09.2026 година, за непочитување на членот 53 ставови 2 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 03-249 од 23.09.2026 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот веднаш по приемот на решението (28.09.2026 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*
7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 2 ноември 2026 година, на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***